**Клиниката за Неврологија при Универзитетскиот клинички центар - Скопје добитник на Златна наград за подобрување на квалитетот на третманот на мозочниот удар.**

На Европскиот Конгрес за мозочен удар во Гетебург Шведска кој се одржа од 16-18 мај во Гетебург, Шведска наградата и беше врачена на проф.др. Анита Арсовска началник на Одделот за интензивна нега при Клиниката за Неврологија која го предводеше проектот во Македонија. Наградите European Stroke Organization/Angels initiative претставуваат проект за подобрување на квалитетот која ги препознава болниците со високи перформанси за нивната посветеност за обезбедување квалитетна грижа за мозочен удар. Континуираното собирање на податоци е од витално значење за да се дојде до поени за подобрување и да ни помогне да обезбедиме исклучителна грижа за мозочен удар. Благодарност и пофалба за заложбата беа упатени и за останатите Македонски претставници од единиците за мозочен удар др. Данијела Којтикив Самуиловска - Клиничка болница Тетово, др. Елена Личкова- Клиничка болница Штип и Др. Ана Донева началник на Оддел за интензивна нега при Градска Болница ,,8 Септември,, Скопје.